multicultural health communication

NSW GOVERNMENT Health

Macedonian
[DOH-7105]

# Кламидија
## Chlamydia

**Што е кламидија?**
Кламидија е инфекција што се пренесува со сексуален контакт и може да се сретне и кај мажите и кај жените. Кламидијата ја предизвикува бактерија. Многу луѓе кои се инфицирани со бактеријата немаат симптоми на инфекција, но, и покрај тоа, можат да ја пренесат бактеријата. Кламидијата може да се одрази врз мочниот канал, грлото на матката, задното дебело црево и чмарот, грлото и очите. Инфекцијата со кламидија може да доведе до компликации, но може да се спречи.

**Како се добива кламидија?**
Кламидијата се пренесува ако се има сексуален однос со некој кој што е веќе инфициран.

**Лицата кои се најмногу изложени на ризик да добијат кламидија се:**
- младите сексуално активни мажи и жени;
- оние кои што неодамна смениле сексуални партнери;
- оние кои што неодамна имале друга инфекција што се пренесува преку сексуален контакт.

**Како ќе знаете дали сте биле инфицирани со кламидија?**
Симптомите можат да се појават во рок од 2–14 дена после инфицирањето. Меѓутоа, некој може да има кламидија со месеци, дири и години, без да знае.

**Кај жените**
Ако жената има кламидија, таа може да го забележи следново:
- грчеви или болки во долниот дел од мевот;
- промени во менструацијата;
- болки кога моча;
- крварење или болки за време и после сексуален однос;
- проблеми во вагиналниот исцедок.

**Кај мажите**
Ако мажот има кламидија, тој може да го забалежи следново:
- исцедок од пенисот;
- болки кога моча;
- потечени и болни тестиси.

**Кај мажите и жените**
Може да дојде до инфекција на чмарот, но, обично, не се забележува. Понекогаш може да предизвика болки во чмарот, или да доведе до формирање на исцедок.

**Дали постои тест за кламидија?**
Кламидијата може да ја открие вашиот локален лекар или клиниката за сексуално здравје. Лекарот ќе направи брис (брис со памучно стапче) од мочниот канал, грлото на матката или чмарот, или ќе побара да дадете мочка. На брисот, или на мочката, потоа, ќе биде направена лабораториска анализи за откривање на кламидија.

**Како се лечи кламидијата?**
Кламидијата лесно се лечи со антибиотици. Важно е да се обратите кај вашиот лекар или клиниката за сексуално здравје за да се направи тестот и да се почне со лечењето. Ако симптомите се вратат, вратете се кај лекарот или во клиниката за сексуално здравје.

Важно е да го завршите целиот третман со антибиотици, дури и откако ќе исчезнат симптомите, затоа што е можно бактеријата на кламидија да не е до крај уништена. Исто така, е важно да немате сексуални односи најмалку 7 дена од почнувањето на лечењето, затоа што инфекцијата може во тој период да се пренесе.

**Дали постојат компликации?**
Да. Ако кламидијата не се лечи прописно, може да дојде до сериозни компликации.

**Кај жените компликации можат да бидат следниве:**

- воспалително заболување на карлицата (пелвиц инфламматорс дисеасе – ПИД). Тоа се случува кога органите за репродукција, кои се наоѓаат во карлицата, се воспалуваат;
- спојување на ткива и хронична болка во карлицата;
- неплодност како резултат на оштетување на фалопиевите туби (заради создавање на внтарешна лизна);
- вон–матерична бременост (кога плодот ќе се развива во фалопиевите канали наместо во матката).

**Кај мажите компликации можат да бидат следниве:**

- постојано воспалување на мочниот канал;
- епиддидимитис (епидидѕмитис) што ги зафаќа каналите што водат до тестисите.

**Кај жените и мажите компликации можат да бидат следниве:**

- артритис;
- коњуктивитис и увеитис (цонјунцтивитис и увеитис) – воспаление на очите;
- проктитис (процтитис) – воспаление на задното дебело црево.

**Дали на сексуалните партнери им е потребно лечење?**
Да. Ако имате кламидија треба да им кажете на сите ваши сексуални партнери што ги имавте во изминатите шест месеци да се обратат на лекар или во локалната клиника за сексуално здравје за да се направи тест и да почнат со лечење.

**Како се спречува кламидија?**
Користењето на кондоми при вагинален и анален секс може да ја спречи кламидијата и другите инфекции што се пренесуваат при сексуален однос. Користењето на кондоми е особено важно за оние кои што имаат повеќе од еден сексуален партнер.

## Понатамошни информации – Државни служби за здравство во Нов Јужен Велс



**1300 066 055**

www.health.nsw.gov.au